**Државен Инспекторат за Труд**
Партизански одреди бр. 48 а
**1000 Скопје**
**Република Македонија**
**Тел: 02/3116 110  факс: 02/3224 504**

# И з в е ш т а ј
# За работата на Државниот инспекторат за труд за 2009 година

**Скопје , март 2010 година**

# И з в е ш т а ј
## За работата на Државниот инспекторат за труд за 2009 година

Државниот инспекторат за труд е орган во состав на Министерството за труд и социјална политика со кој раководи директор.

Со Правилникот за систематизацијата Министерството за труд и социјална политика во инспекторатот има 3 сектори и тоа : Сектор за работни односи, сектор за безбедност и здравје при работа и сектор за нормативна дејност за безбедност и и здравје при работа а во секторите има три одделенија за работни односи, две одделенија за безбедност и здравје при работа и две одделенија за нормативна дејност со кој раководат раководителите на одделенијата.

Во 30 подрачја распоредени се **93** инспектори за труд, од кои **62** од областа на работните односи и **31** од областа на безбедност и здравје при работа. Од инспекторите на трудот од областа на работните односи од јуни 2009 год. , **5** инспектора се повлечени и распределени на работа во Прекршочниот орган на Министерството за труд и социјална политика, а за тоа време работниот однос во Државниот инспекторат им мирува.

Во општините Крива Паланка, Свети Николе, Берово, Виница, Кратово, Македонски Брод, Крушево, Радовиш, и Валандово инспекторите за работни односи ги обавуваат работните задачи од двете области ( работни односи и безбедност и здравје при работа ).

Согласно актот за систематизација во инспекторатот се предвидени повеќе извршители во градовите : Скопје, Тетово, Гостивар, Кумано, во секторот за работни односи, а во секторот за безбедност и здравје при работа се предвидени а не се пополнети извршители во Гевгелија ,Струга, и Кочани .

Државниот инспекторат за труд врши контрола на следните закони : Законот за работните односи, Законот за безбедност и здравје при работа, Закон за инспекција на трудот, Закон за државни службеници, Закон за вработување и осигурување во случај на невработеност, Закон за агенции за привремени вработувања, Закон за вработување на инвалидни лица, Закон за вработување на странци, Закон за волонтерство, законите од областа на образованието, Закон за трговија, Закон за заштита од пушење, Колективни договори, договори за вработување, подзаконски акти од областа на безбедност и здравје при работа.

Овој извештај, кој е подготвен врз основа на годишните извештаи за работа на инспекторите на трудот од подрачните единици, месечните извештаи за работа,изготвените информации и надзорите извршени од страна на раководителите на одделенијата е збир на податоци за извршените инспекциски надзори и превземените мерки на Државниот инспекторат за труд за 2009 година.

Инспекциски надзор во областа на работните односи

Согласно надлежностите утврдени со Законот за инспекцијата на трудот и Законот за работните односи Државниот инспекторат за труд од областа на работните односи врши надзор врз примена на законите и другите прописи за работните односи, вработувањето, колективните договори за вработување со кои се уредуваат правата и обврските и одговорностите на работникот од работниот однос.

Во текот на извештајниот период, работата на Државниот инспекторат за труд беше насочена кон вршење на редовни надзори кај работодавачите, контролни надзори и постапување по писмени и усмени барања од странки за заштита на нивните права од работен однос.

Според податоците добиени од инспекторите на трудот од подрачните единици и од инспекторите во Државниот инспекторат за труд во текот на 2009 година извршени се вкупно 32406 надзори од кои 30810 редовни и 1596 контролни надзори.

Инспекторите на трудит во текот на 2009 година интервенирале по 1749 писмени барања на странки за заштита на нивните права од работен однос.

Барањата за заштита на правата од работен однос се однесуваат : 438 за засновање на работен однос, 422 за престанок на работен однос, 53 за прекувремена работа, 39 за одмори и отсуства, 322 за плати и надоместоци, 40 за технолошки вишок и 321 за останати случаи.

За утврдените состојби составени се записници,за подносителите писмено се известени во законски рок, а за констатираните повреди на законот, колективните договори и договорите за работа, превземени се мерки во согласност со закон.

Бројот на барањата кои се однесуваат на платите и понатаму е голем, меѓутоа во случаите каде работнците се жалат на висината на исплатените плати, инспекцијата нема надлежност да постапува од причини што со колективните договори не е утврдена најниска плата.

Има одредени случаи кај работодавачите кои престануваат да ја обавуваат дејноста работниците да не можат да ги остварат правата за плати и придонеси.Во вакивте случаи инспекторатот нема можност да постапува, а странките се упатуваат правата да ги остваруваат на суд.

Одреден број на работници кои повеле судски спор за исплата на плати иимаат добиено пресуди во нивна корист, меѓутоа истите не можат да бидат извршени од причини што одредени правни субјекти не постојат, а има и голем број на правни субјекти чии жиро сметки се блокирани.

И покрај тоа што во 2009 година намален е бројот на писмените и усмените барања на работниците за воведување на прекувремена работа има укажувања ( синдикати, работници ) дека во одредени дејности работодавачите воведуваат прекувремена работа спротивно на Законот и работниците работат на празници за што најчесто вината ја префрлаат на инспекторите за труд.Инспекторатот постојано вршеше инспекциски надзори ( во денови на празници, саботи и недели ) и при тоа утврди дека прекувремената работа во најголем број случаи е во согласност со Законот за работните односи, а од страна на

работодавачот се донесуваат одлуки за потреба за воведување од прекувремена работа.Државниот инспекторат за труд за утврдените состојби и преземените мерки ги известува синдикатите и работниците за утврдените состојби и превземените мерки , меѓутоа и понатаму се продолжува со неоснованите напади.

Законот за работните односи предвидува полното работно време да изнесува 40 часа неделно меѓутоа со законот,законодавецот дава широки овластувања за воведување на прекувремена работа, односно предвидени се повеќе случаи кои ги утврдува работодавецот.Исто така, законот предвидува можност за прераспоредување на работното време. Според тоа работодавачот може да воведе прекувремена работа со обврска на работниците да им исплати зголемена плата.

Во случаите каде е утврдена работа подолга од полното работно време, некористење на неделен и годишен одмор помеѓу два последователни работни дена, Државниот инспекторат за труд презема мерки согласно законот.

Со стапување во сила на Законот за работните односи во 2005 година во одредбите кои го регулираат отсуството од работа поради празнување Државниот инспекторат за труд преку Министерството за труд и социјална политика, постојано е изложено на критики од работници, синдикати и медиумите поради работење на празници

Во законот за државни празници е предвидено дека празниците во Република Македонија се неработни денови.Меѓутоа во Законот за работните односи стои дека работникот има право на отсуство од работа со надоместок на плата за празниците на Република Македонија кои се определени како слободни денови од работа и за другите со закон определени денови.

Правото на работникот може да му се ограничи, ако работникот односно производниор процес се одвива непрекинато или природата на работата бара вршење на работа во празничен ден.

Ваквата законска одредба дава право на работодавачот да го ограничи правото на работникот да не работи во денот на празнувањето. Исто така не е предвиден ниту надлежен орган кој ќе оцени кога природата на работата бара вршење на работи на празник, тоа го цени самиот работодавач.

Во Законот за работните односи не е предвиден прекршок ниту забрана за работа доколку работодавачот му наложи на работникот да работи на празник со што инспекцијата на трудот нема можност за преземање на мерки.

Од досегашните контроли кои ги врши инспекторатот во деновите на празници и неработни денови се утврди дека одредени правни субјекти работат, при што инспекторатот ги задолжува работодавачите на работниците да им исплатат плата во зголемен износ.

Инспекторот укажува дека е потребно да се преуреди одредбата за отсуство од работа поради празнување во која ќе се прецизира во кои дејности работниците можат да работат за време на празнување или неработни денови како и да се утврдат управни и казнени мерки за работа на празници.

Следејќи ги состојбите во примената на законските прописи од областа на работните односи што се однесуваат на вработувањето и

остварувањето на правата од работен односи на работниците вработени кај работодавачите во текот на 2009 година инспекторите на трудот извршија **30.810 редовни надзори** од кои **17.670** во областа на **трговијата**, **4732** во областа на **угостителството** ( хотели, ресторани ), **3916** во **преработувачката индустрија**, **742** во **здравството** и **социјалната работа**, **719** во **градежништвото**, **293** во **образованието**, **239 земјоделие** и останатите во другите области.

При вршењето на инспекциските надзори во 2009 година, на работа се затечени **3405** лица кои **немаат засновано работен однос** на начин и постапка утврден со закон и колективен договор, со што на овие лица им се ускратени и другите правата што произлегуваат од работниот однос.

Намалениот број на затечени лица без договори за вработување, во однос на минатите години, се должи на зголемениот број на надзори како и на измените на Законот за работните односи каде се зголемени глобите за ангажирање на лица без договори за вработување.

Државниот инспекторат за труд по донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи во 2008 година изготви 64.000 брошури кои ги достави до работодавачите со цел да им помогне на правните субјекти во правилната примена на овие прописи, што со неприменување на истите повлекува изрекување на висока глоба. Исто така инспекторите во првите месеци на 2009 година при посетите на правните субјекти советодавно и едукативно им укажуваа на работодавачите на измените и законските прописи како и за санкциите за повреда на законот. Со ова се допринесе да работодавачите го почитуваат Законот за работните односи, односно со ангажираните работници да склучуваат договори за вработување и истите да бидат во задолжително социјално осигурување.

Државниот инспекторат за труд согласно член 59 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност за лица кои се затечени без договори за вработување писмено ги известуваше Бироата за вработување и Центрите за социјална работа.

Согласно Законот за трговија, инспекторите за труд во текот на 2009 година донеле 315 решенија со кои им се наредува на работодавачите да го усогласат работното време ( на продажните објекти ) со бројот на вработените. Во најголем број на случаи по донесените решенија работодавачите склучуваат договори со нови работници, односни го зголемуваат бројот на вработените.

Во текот на 2009 година како и претходните години посебно внимание инспекторатот посвети на надзорите во врска со ангажирањето на лица без договори во преработувачката индустрија, градежништвото, трговија на мало и угостителството од причини што во овие дејности најмногу се ангажираат лица без договори за вработување. Тоа допринесе да во 2009 година во овие дејности се намали ангажирањето на лица спротивно на законот.

Согласно Законот за работните односи инспекторот со решение ќе ја забрани работата на работодавачот ако затекне лице со кое не е заснован работен однос согласно закон и колективен договор и ако работникот не е здравствено, пензиско и инвалидско осигуран, односно

не се платени придонеси и е воведена прекувремена работа спротивно на закон.

По овој основ донесени се **888 решенија за забрана** и тоа :

**692** решенија за затекнати лица со кои **не е заснован работен однос** согласно закон, **87** решенија поради тоа што работодавачот **не поднел пријава за задолжително социјално осигурување**, односно не пресметал и уплатил придонеси од плата, **67** решенија за неисплатена плата,за три месеци,16 решенија поради непочитување односно кршење на работно време и распоредот на работното време и 33 решенија поради неводење или неправилно водење и злоупотреба на електронското евидентирање на полното работно време и прекувремената работа.

Државниот инспекторат за труд смета дека со формирањето на извршна група за присилно извршување ќе се допринесе за благовремено и поефикасно извршување на управната мерка за забрана на работа.

Согласно Законот за работните односи ако инспекторот на трудот утврди дека со конечна одлука на надлежен орган е повредено правото на работникот, а работникот повел работен спор пред надлежен суд, по барање на работникот инспекторот на трудот со решение ќе ја одложи од извршување конечната одлука на работодавачот до правосилноста на одлуката на судот. По овој основ во 2009 година донесени се 4 решенија.

Поднесените жалби против решенијата на инспекторите беа решавани во определен законски рок и во најголем број случаи првостепените решенија беа потврдени од страна на министерот.

Во извештајнот период, инспекторатот работеше во прва, а во одредени периоди во втора и трета смена со цел да се изврши целосен увид во работењето на работодавците кои работат во повеќе смени, како во поглед на заснованието на работен однос, така и во поглед на работното време на работниците.

Инспекторите од подрачјата Крушево, Македонски Брод, Демир Хисар, Кратово, Крива Паланка, Свети Николе и Валандово одредени денови во неделата своите работни задачи ги извршуваат во соседните градови.

Државниот инспекторат за труд во соработка со другите органи ( пазарна инспекција, сообраќајна, просветна, санитарна и полиција ) вршеше надзори во повеќе дејности.

За утврдените повреди на законот по сите основи поднесени се **996 барања** за поведување на **прекршочна постапка**.

Државниот инспектор за труд за свои потреби и за Владата изготвуваше извештаи и информации за проблемите во надлежност на инспекторатот.

## II.ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ОД ОБЛАСТА НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

### 1. Редовни и контролни надзори

Во текот на 2009-та година, инспекторите на труд од областа на безбедност и здравје при работа извршиле вкупно 17991 инспекциски надзори кај работодавачи од сите дејности, од кои 15027 редовни и 2.911 контролни надзори, како и 53 барања (преставки) од странки за заштита на права од областа на безбедност и здравје при работа.

Во текот на 2009 година инспекторите на труд од областа на безбедност и здравје при работа донеле 4.676 решенија за отстранување на констатираните неправилности и недостатоци во определени рокови, при што се утврдени 16008 неправилности односно недостатоци. Во текот на извештајниот период отстранети се вкупно 11269 недостатоци, додека останатите се во тек на отстранување, заради тоа што одредените констатирани неправилности и недостатоци бараат поголема сума на финансиски средства за нивното оклонување. На истите работодавачи им се дава продолжен рок за отстранување на утврдените недостатоци од страна на инспекторите.

Најголем број од утврдените недостатоци се однесуваат на задолжителните лекарски прегледи на вработените во овластените здравствени установи од областа на медицина на трудот 2777, обврската на работодавачот за извршување на обука на вработените за давања прва помош и обезбедување на опрема за прва помош 2.570, превземање на мерки за отстранување на опасности од пожар и експлозии 2.525, недостатоци од областа на електричните инсталации 1446 ,обука на вработените од областа на безбедност и здравје при работа 1470, , недостатоци по однос на личната заштитна опрема 1.137 и др.

Контролните надзори се извршени со цел да се утврди дали донесените решенија за отстранување на констатираните недостатоци се извршени во определените рокови. Во одредени контролни инспекциски надзори инспекцијата на трудот се соочува со непостапување по утврдените неправилности и недостатоци од редовните надзори, а најчесто тоа произлегува од недостаток на материјални средства за постапување од страна на работодавачите. Во текот на 2009 год. отстранети се 70% од утврдените недостатоци и неправилности од областа на безбедност и здравје при работа.

### 2. Повреди при работа

*а) Потешки повреди на работа*

Според извештаите за работа на инспекторите на труд за 2009 год., а врз основа на извршените увиди на самото место, се случиле 494 потешки повреди на работа односно повреди на работа кои предизвикуваат времена неспособност за работа повеќе од 3 работни дена на работникот.

Најголем број повреди на работа се случиле во преработувачката индустрија 239, во градежништво 79, во сообраќај, складирање и врски 35, во здравство и социјална работа 38, во трговија и поправка на уреди 33, во хотели и ресторани 13, а останатите 57 потешки повреди се случиле во другите дејности. Според инспекциските увиди на самото место и документацијата која се однесува на безбедноста и здравјето при работа, најчести причини за настанување на повредите се неодговорниот однос на работодавачите и раководниот кадар во доследна примена на прописите од областа на безбедноста и здравјето при работа, како што е необученоста на работниците за безбедна работа, неизвршените лекарски прегледи врз вработените заради утврдување на здравствената состојба на вработените, необезбедување на безбеден работен простор, некористење на лични заштитни средства и опрема, неизвршување на прегледи на опремата за работа и др.

*б) Колективни повреди*

Во текот на 2009 год. се случила 1 колективна повреда на работа, во областа на преработувачка индустрија (во ливница )

Причини за настаната колективна повреди се непочитување на процедура и упатства за работа при што е пресечена носечка сајла на силос и повредени се 2 лица од кои 1 потешко повреден.

*в) Смртни случаи*

Државниот инспекторат за труд во текот на 2009 година извршил увиди на самото место во 12 случаи за настанати тешки повреди на работа со смртни последици, од кои 6 во градежништво, 3 во преработувачка индустрија, и по 1 во дејности трговија и поправка на уреди, сообраќај, складирање и врски и во јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита. Смртните случаи настанале како последица на пад од височина заради несоодветно скеле и неносење на лична заштитна опрема односно непревземени безбедни мерки на работниот простор кај мобилно градилиште, пригмечување од опрема за работа заради небезбедна процедура на работа и необученост на работник за безбедна работа, од струен удар при инсталациски работи.

Основни причини за настанување на смртните случаи се необученоста на работниците за опасностите на работа и непочитување на мерките и прописите за безбедност и здравје при работа од страна на работодавачите, а во одделни случаи и од страна на работниците.

### 3. Забрани за работа

Во текот на 2009 год. инспекторите на труд донесоа вкупно 95 решенија за забрана на работа. Најмногу забрани се донесени во, градежништво - 60, преработувачка индустрија, хотели и ресторани - 2 и др. комунални општи и лични услуги - 5.

Согласно законот за безбедност и здравје при работа , забраните за работа во 2009 год. се давани заради утврдена непосредна опасност по животот и здравјето на вработените од

небезбедна опрема за работа, дел од техничко - технолошки процес или технолошки процес во целина, како и необезбеденост на вработените со лична заштитна опрема.

## 4. Казнени мерки

Поради непочитување на законските одредби, за овој период инспекторите на труд поднесоа 340 барања за поведување на прекршочна постапка против правните субјекти и одговорните лица во правните субјекти а поради повреди на Закон за безбедност и здравје при работа и Закон за инспекција на трудот.

Согласно Закон за безбедност и здравје при работа поднесени се :

ПрекрШоци од прва категорија – 1,

Прекршоци од втора категорија - 150,

Прекршоци од трета категорија - 62.

Согласно Закон за инспекција на труд (по чл. 10 од ЗИТ) -127.

Поголемиот број на поднесените барања за прекршочна постапка се во областа градежништво - 98, трговија и поправка на уреди - 84, преработувачка индустрија - 77, а останатите се во другите дејности.

Од вкупниот број на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка во текот на 2009 г., решени се само 103 прекршочни барања.

Во извештајниот период за 2009 г. изречени се и 86 глоби (мандатни казни на лице место) од 50 евра во денарска противредност за непочитување на мерки за безбедност и здравје при работа и не користење на пропишана опрема за лична заштита.

Исто така во овој период се поднесени 12 кривични пријави за смртни случаи и потешки повреди на работа, за кои постои основано сомнение дека истите настанале поради непревземени мерки за безбедност и здравје при работа од страна на работодавачот, Кривичните пријави се поднесени во дејностите: градежништво - 4, преработувачка индустрија - 3, земјоделство, лов и шумарство - 2. трговија и поравка на уреди - 1, Хотели и ресторани - 1 и сообраќај, складирање и врски - 1.